**Отворен е повикот за Проекти за европска соработка во рамките на програмата Креативна Европа – потпрограма Култура за 2024 година со краен рок за поднесување на предлог-проектите, 23 јануари 2024 година до 17 часот (средноевропско време)**

Поддршката на Европската Унија во рамките на повикот за Проекти за европска соработка е наменета за проекти со широк спектар активности и иницијативи кои вклучуваат организации од културните и од креативните сектори во 40-те земји учеснички во програмата Креативна Европа – потпрограма Култура.

Буџетот обезбеден за овој повик за 2024 година изнесува 59 730 025 евра, а се очекува да се поддржат околу 130 предлог-проекти.

Повикот претставува можност за поддршка на европската соработка преку копродукциски активности, кои опфаќаат: експериментални и иновативнни пристапи, мобилност на уметниците и професионалците од релевантните сектории, размена на знаења и искуства меѓу културни организации и сл.

Повикот има цел да го олесни пристапот до европската култура преку поддршка на: (1) транснационалната креативност и циркулација и (2) иновативноста.

**Приоритети**

- **Публика** (зголемен пристап и учество во културата, вклученост на публиката физички и дигитално).
- **Социјална инклузија** (промоција на социјалната чувствителност и креирање можности за социјалната вклученост во/преку културата, со акцент на уметниците и културните работници со попреченост, припадниците на националните малцинства и социјално маргинализираните групи).
- **Одржливост** (кокреирање, усвојување и ширење еколошки практики, како и подигнување на свеста за одржлив развој преку културни активности во согласност со Европскиот зелен план и Новиот европски Баухаус).
- **Дигитален пристап** (поддршка на европските културни и креативни сектори за да иницираат или да ја забрзаат дигиталната транзиција, вклучувајќи ги можностите и предизвиците што доаѓаат со употребата на вештачка интелигенција и други прогресивни технологии).
- **Меѓународна димензија** (јакнење на капацитетите во европските културни и креативни сектори, вклучително и локални организации и микроорганизации, за дејствување на меѓународно ниво – во Европа и пошироко).

**Составен дел на целите и прироритетите на предлог-проектите се меѓусекторските вкрстени теми (Cross Cutting Issues), и тоа:** инклузијата, разноликоста, родовата еднаквост и еколошките прашања кои придонесуваат во борбата против климатските промени.

Предложените проекти може да опфаќаат еден или повеќе културни и креативни сектори, но, исто така, може да се предложат и интердисциплинарни активности.

*Секторскиот приоритет за 2024 година се однесува на поддршка на украинскиот културен и креативен сектор како одговор на последиците од војната која го уништи украинскиот културен сектор.*

**<u>НОВО: Категории на повикот за 2024 година</u>**

**Поддршката на повикот за 2024 година се однесува на две категории:**

- **COOP-1 – проекти за соработка од мал обем:** минимум 3 партнери од 3 различни земји /ЕУ до 200 000 евра (80 % од вкупниот буџет на проектот);
- **COOP-2 – проекти за соработка од среден обем**: минимум 5 партнери од 5 различни земји/ЕУ-грант до 1 000 000 евра (70 % од вкупниот буџет на проектот).

*Третата категорија COOP-3 – големи проекти ќе се објавува секоја втора година***.**

Времетраењето на проектите од двете категории изнесува **максимум 48 месеци**.

**Квалификувани апликанти:** Правни лица (приватни и јавни) со седиште (регистрирани) во една од 40-те земји учеснички во програмата Креативна Европа – потпрограма Култура.

Физички лица не се квалификувани за учество во програмата.

**Краен рок за поднесување на предлог-проектите е 23 јануари 2023 година, до 17 часот по средноевропско време**.

**Апликациите се поднесуваат електронски преку „Funding &Tenders Opportunity Portal“:**

https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/portal/screen/opportunities/topic-details/crea-cult-2024-coop-2?tenders=false&callIdentifier=CREA-CULT-2024-COOP

Повеќе информации за критериумите и за начинот на поднесување на предлог-апликацијата може да најдете во документот за повикот (COOP Call Document 2024):

https://ec.europa.eu/info/funding-tenders/opportunities/docs/2021-2027/crea/wp-call/2024/call-fiche_crea-cult-2024-coop_en.pdf